# ПОКАНА-ЈАВНА ОБЈАВА

## До членовите на Собрание на Институтот на сметководители и овластени сметководители

Врз основа член 20 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и Одлуката на Управен одбор заведена под арх.бр.0202-364 од 10.10.2024 година, Претседателот на Институтот свикува Седница на Собранието.

Седницата на Собранието на Институтот ќе се одржи на ден 02.11.2024 година, сабота, во просториите на Хотел „Дрим" во Струга - со почеток во 10 часот со следниот

**Дневен ред:**

1.Избор на Претседавач на Собранието;
2.Избор на записничар
3.Избор на бројач на гласови
4.Усвојување на Записникот од одржана седница на Собранието од 15.04.2024 година;
5.Предлог Одлука за разрешување на член на Собрание и именување на нов член;
6.Предлог Одлука за разрешување на член на Управен одбор;
7. Предлог Одлука за измена и дополнување на Статут и донесување на Пречистен текст на Статутот;
8. Предлог Одлука за усвојување на ревизорскиот извештај за 2023 година;
9.Предлог Одлука за донесување на годишна програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот за 2025 година;

10.Предлог Одлука за избор на ревизорско друштво за ревизија на завршна сметка за 2024 година;
11.Предлог Одлука за донесување на годишна програма за КПУ
12.Разгледување Правилникот за КПУ и давање на мислење и препораки;
13.Разгледување на Правилник за контрола на квалитет и давање на мислење и препораки;
14. Разгледување на Правилник за дисциплинска постапка и давање на мислење и препораки;
15.Разгледување на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар и давање на мислење и препораки;
16. Предлог Одлука за спроведување на полагање на испит
17. Предлог Одлука за започување на постапката за членство во IFAC
18. Предлог Одлука измена и дополнување на одлуката за утврдување на висина на платите на Претседателот на Институтот, секретарот и вработените во стручната служба на Институтот;

19. Донесување на заклучоци и/или мислења и/или препораки во врска со разгледаниот работен материјал;

20. Разно

Ве известуваме дека предлозите за измена и дополнување на дневниот ред на Собрание се доставуваат до Институтот во писмена форма, најдоцна пет дена пред одржување на седницата.

Се молат избраните претставници на подружниците да присуствуваат на закажаната седница.

Арх.бр.0202-364/1
10.10.2024 година

Институт на сметководители
и овластени сметководители на РСМ
Претседател
Весна Прентоска

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИСОС СКОПЈЕ